Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021

# Извадок на дел од дневни настани 27.12.2021

На 26.12.2021 во 00.55 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода М.М.(30) од Куманово, затоа што кај него биле пронајдени одземени марихуана и прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2021 во 20.50 часот на подрачјето на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода В.Т.(25) од Гостивар, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.12.2021 во 16.30 часот, полициски службеници од СВР Куманово го лишиле од слобода Т.Д.(55) од Куманово, затоа што кај него биле пронајдени и одземени неколку кутии со различни видови пиротехнички средства. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.12.2021 во 12.20 на ул.„Филип Втори Македонски" и во 14.55 часот на Плоштад „Македонија" во Скопје, полициски службеници од Полициската станица Центар извршиле преглед над О.М. и Ј.К., двајцата од Скопје. Притоа, кај нив биле пронајдени и одземени поголем број разновидни пиротехнички средства наменети за продажба, поради што на двајцата ќе им биде поднесен соодветен поднесок.

Во текот на изминатиот викенд (25/26.12.2021) спроведена е зајакната акциска контрола на територијата на Куманово, при што санкционирани се 26 возачи кои управувале возило под дејство на алкохол, 13 кои не поседувале возачка дозвола и 3 нерегистрирани возила.

На 26.12.2021 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 17 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 4 во населено место. Истиот ден, во периодот од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Од извршената контрола било констатирано дека 9 возачи управувале возила под дејство на алкохол и тие биле исклучени од сообраќај, времено им биле одземени возачките дозволи и изготвени им биле прекршочни платни налози. Санкционирани биле и 13 други видови на прекршоци, од кои 11 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило и 1 за некористење сигурносен појас.

На 26.12.2021 во периодот од 16.00 до 22.00 часот на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Струмица биле преземени мерки за санкционирање на возачи кои управуваат возила под дејство на алкохол. Притоа, кај тројца возачи (2 во Гевгелија и 1 во Радовиш) било утврдено присуство на алкохол и на истите им биле изречени соодветни санкции.

На 26.12.2021 во 09.50 часот во СВР Тетово било пријавено дека на регионалниот пат Тетово - с.Јажинце, кај с.Непроштено, се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Ш.С.(43) од с.Нераште и патничко возило „бмв", со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.Н.(40) од с.Доброште. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил Б.Н., а со телесни повреди се здобиле Ш.С. и сопатникот од истото возило, Ј.М.(43) од с.Нераште, констатирани во Клиничката болница во Тетово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Тетово.

На 26.12.2021 во 15.15 часот во Полициската станица Карпош, Е.Т.(57) од Скопје пријавила дека на ул.„Иван Цанкар" била касната од куче скитник.

Во текот на изминатото деноноќие (26.12/27.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 35 прекршоци.

На 25.12.2021 во 12.00 часот на Граничен премин Табановце, од полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север, при извршена контрола во возило „форд транзит", со струмички регистарски ознаки, управувано од П.Л.(22) од Струмица, било констатирано дека врши меѓународен превоз на патници без дозвола за меѓународен линиски превоз. Лицето било предадено за понатамошна постапка на инспектор од Државен инспекторат за транспорт при Министерство за транспорт и врски. Исто така, во 14.30 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север извршиле контрола во автобус на превозно претпријатие од Струмица, при што било констатирано дека возачот Н.И.(36) од Кочани не поседува лекарско уверение, за што ќе следува соодветен поднесок.

На 26.12.2021, полициски службеници од СВР Штип го лишиле од слобода М.Ж.(38) од Штип. При преглед во неговото возило околу 21.00 часот на ул.„Партизанска" во Штип биле пронајдени и одземени марихуана, екстази, бела грутчеста материја, таблети и пари. Исто така, тој се однесувал агресивно и ги попречувал полициските службеници во извршување на службените дејствија. Се работи на целосно документирање на случајот, по што против М.Ж. ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 26.12.2021 во 13.30 часот од страна на полициски службеници од ОВР Виница на земјен пат кај с.Трсино, виничко, при контрола на трактор без регистарски ознаки, управуван од В.Ѓ.(26) од с.Трсино, било пронајдено огревно дрво без соодветна документација. Одземените трактор и дрвата биле предадени на Шумска полиција за понатамошна постапка.

На 27.12.2021 во 02.50 часот на подрачјето на Центар, полициски службеници од СВР Скопје ги привеле Д.Ј.Д.(21), Б.Б.Л.(26), двајцата од САД и Н.Ј.(25) од Прилеп, затоа што го нарушиле јавниот ред и мир со меѓусебна физичка пресметка во која учествувале уште неколку лица. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против А.В.(30) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори". Во текот на декември 2021 година, пријавениот набавил марихуана која ја чувал во изнамјен стан во Аеродром, каде што ја препакувал во помали количини за продажба. Дрогата била пронајдена при претрес од полициски службеници.

На 27.12.2021 во 04.50 часот во СВР Скопје, Љ.М.(25) од Скопје пријавил дека околу 04.45 часот на подрачјето на Аеродром бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Струмица поднесе кривична пријава против Ј.К.(28) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи". На 15.08.2020, полициски службеници извршиле претрес на домот каде престојувал пријавениот во с.Попчево, при што пронашле и одзеле повеќе куршуми од различен калибар.

На 26.12.2021 во 22.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во спортска обложувалница на ул.„Ѓорче Петров" едно лице со закана кон вработената одзело пари од дневниот промет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 27.12.2021 во 01.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на локалниот пат за Тетово настанал пожар во патничко возило. Пожарот бил изгаснат од екипа на противпожарната бригада Скопје, а повредени лица нема. Притоа, било утврдено дека станува збор за возило „фолксваген". Се работи на расчистување на случајот.

ОВР Гостивар поднесе кривична пријава против С.Ј.(65) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непостапување според здраствените прописи за време на епидемија". На 27.05.2021, полициски службеници извршиле контрола и не ја затекнале пријавената во својот дом и покрај тоа што имала решение за домашна самоизолација од Државниот санитарен и здравствен инспекторат.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет